Министерство за здравство

До:

МАТИЧНИ ЛЕКАРИ-СИТЕ

Бр. 08-508/2

17.01. 2013 година

Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија 6.6,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

**Предмет: Известување за постапување кај пациенти со симптоми на грип**

Поради зголемување на бројот на лица со симптоми на грип, а согласно стратегијата и Протоколот за лекување на пациенти со симптоми на грип, со цел навремено згрижување и соодветно лекување на истите, како и донесените заклучоци на Комисијата за следење на грип, Министерот за здравство укажува дека е потребно **веднаш** да постапувате согласно следните препораки:

1. При преглед на пациент со симптоми на грип потребно е да носите лична заштитна опрема.
2. Доколку пациентот покажува **лесна клиничка слика**, и **не е во ризична група( бремени жени, лица со хронична болест, мали деца до 36 месеци)**, препорачувате домашно лекување со симптоматска терапија. При тоа ја следите неговата здравствена состојба и при влошување го упатувате на специјалист инфектолог на Вашата територија.

   Кај пациенти со лесна клиничка слика и кои припаѓаат на **Ризични групи пациенти** ( бремени жени, лица со хронична болест, мали деца до 36 месеци), **веднаш** се ординира антивирусна терапија (тамифлу) , се следи неговата здравствена состојба и при влошување веднаш се упатува на специјалист инфектолог на територијата.

- **Симптоми на лесна клиничка слика** (покачена температура, кашлица, гребење во грлото, гушоболки, назална секреција или конгестија, општи и други симптоми со послаб интензитет, поединечно или во комбинација)

3. Доколку пациентот покажува **потешка клиничка слика**, **веднаш** се упатува на Инфективно одделение на подрачјето кое го покрива , а за Скопје на инфективното одделение во Градска општа болница 8ми септември-Скопје и Клиниката за инфективни болести и фебрилни

Република Македонија
**Министерство за здравство**

состојби - Скопје. Специјалистот инфектолог одлучува за потребата од примената на антивирусна терапија (осалтамивир, занамивир). Модифицирачки фактор - ризична група пациенти .

- **Симптоми на потешка клиничка слика** (хиперпиретична температура која трае подолго од 72 часа или повторен пораст на температурата по нејзино претходно намалување, придружена со трески, изразена токсемија манифестирана со вознемиреност, поспаност, конфузност, главоболки, болки по целото тело, чувство на премаленост, силно забрзана срцева акција, повраќање, пролив, можни компликации, отежнато форсирано дишење и сомнение за бронхопневмонија или нарушена функција на други органи и органски системи – пр. централен нервен систем, црн дроб, бубрези итн., брзо прогресивно влошување на иницијалната симптоматологија, влошување на основната болест од групата ризични).

4.Критично болните пациенти се предмет на третман и лекување на терциерна здравствена установа и подразбира задолжителен третман со антивирусна терапија

*антивирусна терапија (тамифлу)се препишува на розев рецепт со назнака дека пациентот е во група ризични пациенти од задната страна на рецептот Лекот пациентот може да го подигне безплатно во аптеките во состав на здравствените домови во РМ, а во град Скопје лекот го подигаат од главните сестри на петте поликлиники..Фармацевтот е должен да води посебна евиденција за издадените лекови.

**Изработил**:Д-р Сузана Маневска
**Одобрил**:Д-р Јованка Костовска

МИНИСТЕР
Никола ТОДОРОВ

**Доставено до:**
-Сите матични лекари
-претседател на ЗПЛРМ
-копија до ИЈЗ,ЦЈЗ,ДСЗИ
-архива